# Палачинки за вљубени

За сите вљубени Фичо ќе подготви црвени американски палачинки, со прелив од малини и бело чоколадо.



Вид на оброк: **Десерт**
Комплексност: **Лесно**
Број на лица: **2 лица**
Време на подготовка: **до 3о минути**

**Состојки:**

**За ПАЛАЧИНКИ ќе ви треба:**

- 135 грама брашно
- 1 лажичка прашок за печиво
- 1/2 лажичка сол
- 2 лажици шеќер
- 2 лажици растопен путер
- 130мл млеко
- 1 јајце
- 1/4 пакетче црвена прехрамбена боја

**За ПРЕЛИВ ќе ви треба:**

- 350 грама малини
- 3 лажици шеќер во прав
- Малку коњак (по желба)

**Ќе ви треба и:**

- 100 грама бело чоколадо

**Чекор 1**

Во сад измешајте го брашното со прашакот за пециво и солта. Во друг сад измешајте ги шеќерот и растопениот путер, млекото и јајцето.

**Чекор 2**

Соединете ги течните и сувите состојки и матете ги додека да добиете хомогена смеса. Додадете ја прехрамбената боја.

**Чекор 3**

Со мала црпалка ја одредувате дозата, доволна е една лажица за една палачинка (зависи колкави сакате да ги направите).

Печете по 40 секунди од двете страни на средна температура.

**Чекор 4**

Сервирајте како во видеото и уживајте со вашите сакани.

**Совет**

Ова е навистина лесен рецепт, кој брзо се подготвува, а е вкусен и впечатлив.

## Користени производи:



Тава за палачинки



Сад за сос

Ти благодариме што си дел од МоиРецепти заедницата.
Испрати го твојот омилен рецепт на www.moirecepti.mk